# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

## на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2024 година ( Прв  Ребаланс )

Општина Крива Паланка има потреба за изменување и дополнување на Буџетот за 2024 година, односно 1 Ребаланс, од причини што во буџетската сметка се вклучува дел од неискористеното салдо ,односно вишок од претходна година со  износ од 4.476.941 денари ,  Склучен договор помеѓу Општината  ( договор / анекс , цесија, решение , известување, одлука и слично ) со вкупен износ од 7.000.000 денари со кои се утврдува дека ќе се изврши трансфер на средства во тековната 2024 година од соодветните државни институции, (Договор со Министерство за животна средина и просторно планирање со износ од 4.000.000 денари и Одлука од Министерство за Култура за доделување на средства со износ од 3.000.000 денари на Општина Крива Паланка за „Град на култура за 2024 година). Како и износ од 12.000.000 денари  по основ на одлука за задолжување и добиена согласност од Министерство за Финансии за задолжување:

**На  Буџетската сметка :**

| Конто | Вкупни приходи на Основниот Буџет за 2023 година | Буџет | Проширување | 1 Ребаланс |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| (71,72,73, и 741113) | - Максималниот износ на сопствени приходи | 116.823.332 | 0 | 116.823.332 |
| 741111 | - Трансфери од други нивоа на власт | 26.629.664 | 7.000.000 | 33.629.664 |
| 741114 | - Пренесен вишок на приходи од претходната година (преостанат останат дел од вишокот | 27.735.198 | 4.476.941 | 32.212.139 |
| 741115 | - Дотации на општината ,од  приходи од ДДВ | 44.999.806 | 0 | 44.999.806 |
| 754111 | - Други домашни задолжувања | 0 | 12.000.000 | 12.000.000 |
| | **ВКУПНО:** | **216.188.000** | **23.476.941** | **239.664.941** |

## Образложение :

**1. Основниот Буџет се зголемува по основ на склучени договори / анекси – (цесија), одлуки се зголемува со вкупен износ од : 7.000.000 денари ,односно :**

- тековни трансфери од други нивоа на власт се зголемува за 7.000.000 денари → ( 741111 – 7.000.000 ) ;

| БРОЈ НА ДОГОВОР / ЦЕСИЈА/РЕШЕНИЕ | ДАТУМ | ИНСТИТУЦИЈА | КОНТО | ИЗНОС |
|---|---|---|---|---|
| 08 – 3621/1 | 07.06.2023 | Министерство за животна средина и просторно планирање | 741111 | 4.000.000 |
| / | 12.02.2024 | Одлука на Министерство за култура | 741111 | 3.000.000 |
| | | | **ВКУПНО:** | **7.000.000** |

**2. Дел за пренесен вишок на приходи од претходната година се зголемува за 4.476.941 денари ;**

- пренесен вишок на приходи ( салдо на сметка на 31.12.2023 г )од претходна година → ( 741114 – 4.476.941 ) ;

**3. По основ на одлука за задолжување и добиена согласност од Министерство за Финансии за задолжување се зголемува со вкупен износ од : 12.000.000 денари ,односно :**

- други домашни задолжувања се зголемува за 12.000.000 денари → ( 754111 – 12.000.000 ) ;

**Вкупно зголемување на Буџетската сметка изнесува : 23.476.941 денари .**

Во Буџетот на Општина Крива Паланка ( на сите сметки ) со 1 Ребалансот се извршени проширувања, пренамена на одредени програми и расходни конта според соодветните потреби на Општината .

**Буџетската сметка со 1 Ребаланс за 2024 година се зголемува за вкупен износ од 23.476.941 денари , а по ребалансот ќе изнесува 239.664.941 денари .**

## 1 РЕБАЛАНС НА БУЏЕТ НА КРЕДИТИ – 786

**Сметката на Буџет на кредити на Општина Крива Паланка со првиот Ребаланс ќе се зголеми за 95.000.000 денари.**

Врз основа на одлука за задолжување и добиена согласност од Министерство за Финансии (број 16-618/2 од 24.01.2024 година) , за реализација на Проектот „Изградба на две монтажни катни гаражи во централното градско подрачје во Крива Паланка“ и Проектот „Финансирање на превземени обврски“ , сметката на Буџет на кредити на општина Крива Паланка се зголемува за 95.000,000 денари

**Вкупно зголемување на сметката на Буџет на кредити изнесува : 95.000.000 денари .**

- други домашни задолжувања се зголемува за 95.000.000 денари → ( 754111 – 95.000.000 );

| КОНТО | ОПИС | 1 РЕБАЛАНС |
|---|---|---|
| 754111 | Други домашни задолжувања | 95.000.000 |
| | **ВКУПНО:** | **95.000.000** |

*На сметката на Буџетот на кредити на Општина Крива Паланка со 1 Ребалансот се зголемува на одредени програми и расходни конта според соодветните потреби на Општината за реализација на соодветните проекти.*

***Зголемувањето на сметката на кредити на расходни конта и програми се прикажани во следната табела :***

| ПРОГРАМА | КОНТО | ОПИС | 1 РЕБАЛАНС |
|---|---|---|---|
| G1 | 464990 | Други трансфери | 3.608.000 |
| ЈА | 482830 | Реконструкција на капацитети во енергетиката | 45.000.000 |
| ЈД | 482130 | Реконструкција на улици, патишта и афтопати | 1.440.000 |
| ЈЕ | 482910 | Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на други објекти | 1.400.000 |
| ЈЕ | 482920 | Изградба на други објекти | 38.000.000 |
| ЈЕ | 482940 | Надзор над изградба | 600.000 |
| ЈИ | 482310 | Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на пречистителни станици | 1.430.000 |
| ЈЛ | 482920 | Изградба на други објекти | 3.522.000 |
| | | **ВКУПНО:** | **95.000.000** |

*** На сметките на Буџет на Самофинансирачки активности ( 787 ) , на Буџет на дотации (930) и на сметката на Буџет на Донации ( 785) со 1 Ребаланс нема промени.**

*** Од развојниот дел на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2024 година по добиен допис од Министерство за Финансии (бр. 08-1/150-1-2023 од 18.01.2024 година) Развојната програмата F1A се брише , а средствата кои што се планирани на истата со 1 Ребаланс се прераспределени на соодветни конта и програми во Буџетот на општина Крива Паланка за 2024 година.**

**** Вкупниот Буџет на Општина Крива Паланка за 2024 година ќе се зголеми за 118.476.941 денари , а по 1 Ребаланс Буџетот ќе изнесува 641.285.941 денари.***